ФОНД
ЗА ИНОВАЦИИ
И ТЕХНОЛОШКИ РАЗВОЈ

# ПРЕДЛОГ - ГОДИШЕН ФИНАНСИСКИ ПЛАН НА ФОНД ЗА ИНОВАЦИИ И ТЕХНОЛОШКИ РАЗВОЈ ЗА 2018 ГОДИНА

**Скопје, декември 2017 г.**

Врз основа на член 30 став 6 алинеја 4 и член 34 став 1 алинеја 10 од Законот за иновациска дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.79/13, 137/13, 41/14, 44/15, 6/16 , 53/16 и 197/16) и член 20 став 2 алинеја 4 од Статутот на Фондот за иновации и технолошки развој, Управниот одбор на Фондот, на предлог на директорот на Фондот, на седницата одржана на 28.12.2017 година донесе

**ПРЕДЛОГ-ГОДИШЕН ФИНАНСИСКИ ПЛАН НА**
**ФОНД ЗА ИНОВАЦИИ И ТЕХНОЛОШКИ РАЗВОЈ ЗА 2018 ГОДИНА**

Фондот за иновации и технолошки развој (во понатамошниот текст: Фондот) со цел извршување на активностите од својот делокруг на работа и во рамките на своите надлежности, а во согласност со Законот за иновациска дејност и подзаконските акти донесени врз основа на него, изврши проценка на расходите по расходни ставки и потставки кои ќе се финансираат од приходи од Буџет на Република Македонија.

По извршената пресметка на расходите и приходите за 2018 година Фондот го доставува Годишниот финансиски план за 2018 година со образложение за висината на планираните приходи и расходи.

## 1. ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ

Вкупно планираните расходи на Фондот од Основен Буџет, Буџет од заеми, Буџет од Програма за рурален развој , Буџет за самофинансирачки активности и од Буџет за Фонд за еквити и мезанин инвестиции за 2018 година изнесуваат **247.892.077,00 денари**. Согласно член 34 од Законот за буџетите буџетските корисници кои имаат буџет на донации, буџет на заеми, буџет на дотации и/или буџет на самофинансирачки активности, во случај кога приходите и другите приливи се реализираат над планираниот износ, доставуваат барање за зголемување на планот на приходите и другите приливи и планот на одобрени средства во овие буџети.

Воедно, од Програмата за рурален развој за 2018 година средствата во износ од 39.532.132,00 денари (од кои 15.734.132,00 денари пренесени од 2017 година за започнати јавни повици), денари ќе бидат искористени за покривање расходи согласно Програмата за работа за 2018 година на Фондот за иновации и технолошки развој.

### 1.1. РАСХОДНА СТАВКА 401 – ОСНОВНИ ПЛАТИ

Проекцијата на финансиски средства за оваа расходна категорија е направена врз основа на Правилникот за систематизација на работници по работни места и задачи.

Во пресметката вкалкулирани се ефектите од ангажираност на работниците во секторите во кои ја извршуваат својата работна задача. Исто така предвиден е персонален данок на доход проценет за 12 месеци започнувајќи од 01.01.2018 г. Основната плата за декември 2017 г. се исплаќа од Буџетот за 2018 г. Во оваа ставка се предвидени расходи за други додатоци на плата согласно закон.

Проценетиот износ на расходната ставка изнесува **4.256.000,00** денари за вработените во редовен работен однос и директорот на Фондот, за кои се предвидени месечни примања за 12 месеци. Во овој износ е вклучена и исплата на право за остварување плата по престанување на функцијата за претходниот директор на Фондот.

## 1.2. РАСХОДНА СТАВКА 402 – ПРИДОНЕСИ ЗА СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ

Во расходната категорија Придонеси за социјално осигурување вкалкулирани се придонесите за ПИО, здравство и вработување, согласно позитивните законски прописи од областа на работни односи за вработените во Фондот и директорот на Фондот за 12месеци, како и за исплата на право за остварување плата по престанување на функцијата за претходниот директор на Фондот. Придонесите за декември 2017 г. се исплаќаат од Буџетот за 2018година.

Проценетиот износ на расходната ставка изнесува **1.574.000,00** денари.

## 1.3. РАСХОДНА СТАВКА 420 – ПАТНИ И ДНЕВНИ ТРОШОЦИ

Земајќи ги во предвид активностите што ги извршува Фондот во рамките на своите надлежности и тоа:

- информативни настани во другите градови во Република Македонија;
- контрола и мониторинг на баратели и корисници на грантови;
- учеството на вработените на семинари, саеми и конференции од областа на иновациска дејност и природата на работните задачи;
- патни и дневни трошоци за обуки и стручни усовршувања на вработените од областите на иновациска дејност и природата на работните задачи;
- патни и дневни трошоци за учесници на настани организирани од Фондот;
- патни и дневни трошоци за обучувачи и ментори ангажирани за потребите на Фондот;
- студиски посети за вработените и членовите на управните органи на успешни примери на фондови и субјекти на иновациска дејност;
- авионски билети за членовите на Комитетот за одобрување на инвестиции, нивно,сместување и хранарина;

Патните и дневните расходи за во земјата и странство се проценети во износ од **1.170.000,00** денари од Основниот Буџет.

Дополнително, средства во износ од **1.180.000,00** денари за оваа ставка се предвидени од Програмата за рурален развој за 2018 г.

## 1.4. РАСХОДНА СТАВКА 421 – КОМУНАЛНИ УСЛУГИ, ГРЕЕЊЕ, КОМУНИКАЦИЈА И ТРАНСПОРТ

Во Предлог годишниот финансиски план за 2018 година предвидени се трошоци за:

- електрична енергија;
- водовод и канализација;
- ѓубретарина;
- пошта,централно греење, курирски услуги, трошоци за фиксна телефонија, интернет пристап, трошоци за мобилна телефонија, трошоци за хостинг;
- горива, масла и регистрација на моторни возила;
- транспорт на луѓе,

во вкупна вредност од **695.000,00** денари.

Дополнително, средства во износ од **576.000,00** денари за оваа ставка се предвидени од Програмата за рурален развој за 2018 г.

## 1.5. РАСХОДНА СТАВКА 423 – МАТЕРИЈАЛИ И СИТЕН ИНВЕНТАР

Во расходната категорија Материјали и ситен инвентар вкалкулирани се видови и количини на материјали кои се неопходни за нормално извршување на работните задачи на работниците:

- Канцелариски материјали;
- списанија, весници и други изданија за користење од страна на вработените
- материјали за АОП, прехранбени продукти и пијалоци, средства за одржување хигиена и ситен инвентар;

со планирана вредност од **300.000,00** денари.

Дополнително, средства во износ од **559.000,00** денари за оваа ставка се предвидени од Програмата за рурален развој за 2018 г.

### 1.6. РАСХОДНА СТАВКА 424 – ПОПРАВКИ И ТЕКОВНО ОДРЖУВАЊЕ

Планираниот износ на расходната ставка Поправки и тековно одржување се однесува за:

- поправка и одржување на згради, мебел и услуги за одржување и чистење деловни простории;
- поправка и одржување на софтверска и хардверска опрема;
- поправка и сервисирање на моторни возила (резервни делови, автогуми);

изнесува **350.000,00 денари.**

Дополнително, средства во износ од **185.000,00** денари за оваа ставка се предвидени од Програмата за рурален развој за 2018 г.

### 1.7. РАСХОДНА СТАВКА 425 – ДОГОВОРНИ УСЛУГИ

Планираните расходи за договорни услуги за 2018 година во износ од **24.300.000,00** денари се должат на следново:

- надоместоци по основ на бруто примања на Претседателот и членовите на управните органи на Фондот со вкалкулиран персонален данок на доход за 2018 година;
- надоместоци и организирање на седници на Комитетот за одобрување на инвестиции;
- услуги од надворешни стручни соработници за поддршка при евалуација на предлог-проекти;
- услуги од консултанти за оперативното работење на Фондот
- ревизорските услуги;
- сметководствени услуги
- услуги за преведување,
- изнајмување на друг тип простор, и опрема за специјални намени (превидени за промотивни настани во текот на годината),
- лизинг на возила
- банкарски провизии,
- осигурување на моторни возила,
- правни услуги,
- судски преведувачи,
- други здравствени услуги
- услуги за копирање, печатење и издавање и
- други договорни услуги.

Дополнително, средства во износ од **6.315.000,00** денари за оваа ставка се предвидени од Програмата за рурален развој за 2018 г.

### 1.8. РАСХОДНА СТАВКА 426 – ДРУГИ ТЕКОВНИ РАСХОДИ

Планираните расходи за договорни услуги за 2018 година во износ од **700.000,00** денари се должат на следново:

- трошоци за семинари и конференции;
- организација на работилници, информативни настани;
- објавување огласи за вработување, оглас за избор на надворешни експерти за евалуација, огласи за членови на Комитетот за одобрување на инзвестиции, огласи за јавните повици за одделните инструменти, предизвици и натпревари;
- објавување на реклами за дејноста и активностите на Фондот, рекламни кампањи и текстови, интернет кампањи, интервјуа и други облици на рекламирање во јавните медиуми
- расходи за репрезентација и
- други оперативни расходи.

Дополнително, средства во износ од **1.800.000,00** денари за оваа ставка се предвидени од Програмата за рурален развој за 2018 г.

### 1.9. РАСХОДНА СТАВКА 464 – РАЗНИ ТРАНСФЕРИ

Во расходната категорија Разни трансфери пресметани се програмските расходи на Фондот, односно финансиски средства кои ќе бидат доделени преку инструментите за поддршка на иновациската дејност, предизвици и натпревари.

Планираната вредност на расходната категорија изнесува **100.000,00** денари од основниот буџет на Фондот, **124.000.000,00** денари согласно заемот од Светска банка, **25.942.132,00** денари од Програмата за рурален развој (од кои 15.734.132,00 денари пренесени од 2017 година за започнати јавни повици), **114.945,00** денари од Буџетот за самофинансирачки активности и **50.000.000** денари од Буџетот за Фондот за еквити и мезанин инвестиции.

### 1.10. РАСХОДНА СТАВКА 480 – КУПУВАЊЕ НА ОПРЕМА И МАШИНИ

Во Годишниот финансиски план за 2018 година предвидени се средства за опрема во износ од **300.000,00** денари и тоа за :

- набавка на информатичка и видео и канцелариска опрема;

Дополнително, средства во износ од **400.000,00** денари за оваа ставка се предвидени од Програмата за рурален развој за 2018 г.

### 1.11. РАСХОДНА СТАВКА 482 – ДРУГИ ГРАДЕЖНИ ОБЈЕКТИ

Во расходната категорија Други градежни објекти се предвидени расходи за:

– Реконструкција, санација и уредување на нови деловни простории.

Со планирана вредност од **300.000,00** денари од основниот буџет и **1.545.000,000** денари од Програмата за рурален развој за 2018 г.

### 1.12. РАСХОДНА СТАВКА 483 – КУПУВАЊЕ НА МЕБЕЛ

Во расходната категорија Купување на мебел се предвидени расходи за:

– Канцелариски мебел.

Со планирана вредност од **200.000,00** денари од основниот буџет и **1.030.000,00** денари од Програмата за рурален развој за 2018 г.

## 2. ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ

Во 2018 година Фондот ќе остварува приходи согласно член 26 од Законот за иновациска дејност од:

– средства од Буџетот на Република Македонија (**34.245.000,00**денари);

– средства во износ од 1% од вкупните средства од Програмата за рурален развој (**39.532.132,00** денари за 2018 г.) (од кои 15.734.132,00 денари пренесени од 2017 година за започнати јавни повици)

– приходи од задолжување кај Светска банка во рамки на проектот за развој на вештини и иновации во (**124.000.000,00** денари за 2018 година),

– приходи од самофинансирачки активности (**114.945,00** денари за 2018 година) и

– Приходи од Буџет на Фонд за еквити и мезанин инвестиции (**50.000.000,00** денари за 2018 година).

Вкупно планираните приходи на Фондот за 2018 година изнесуваат **247.892.077,00 денари**.

## 3. ЗАВРШНА ОДРЕДБА

Овој годишен финансиски план влегува во сила со денот на објавувањето на огласната табла на Фондот, а ќе се објави по добивањето на согласност од Владата на Република Македонија.

**Дел.бр.** 01-561/6
28.12.2017**година, Скопје**

**Претседател на Управен одбор**
**на Фонд за иновации и технолошки развој**
**Моника Јованова**

Прилог 1. Детален преглед на Годишен финансиски план за 2018 година

| 1. ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Конто | Опис на конто | Основен буџет 2018 (денари) | Буџети од заеми (денари) | Планиран износ од Програма за рурален развој (денари) | Буџет од Фонд за еквити и мезанин инвестиции | Буџет од самофинансирачки активности | Вкупно планиран износ за 2018 г. (денари) |
| 401 | Основни плати | 4.256.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 4.256.000 |
| 402 | Придонеси за социјално осигурување | 1.574.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.574.000 |
| 420 | Патни и дневни расходи | 1.170.000 | 0 | 1.180.00 | 0 | 0 | 2.350.000 |
| 421 | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 695.000 | 0 | 576.000 | 0 | 0 | 1.271.000 |
| 423 | Материјали и ситен инвентар | 300.000 | 0 | 559.000 | 0 | 0 | 859.000 |
| 424 | Поправки и тековно одржување | 350.000 | 0 | 185.000 | 0 | 0 | 535.000 |
| 425 | Договорни услуги | 24.300,000 | 0 | 6.315,000 | 0 | 0 | 30.615.000 |
| 426 | Други тековни расходи | 700.000 | 0 | 1.800.000 | 0 | 0 | 2.500.000 |
| 464 | Разни трансфери | 100,000 | 124.000.000 | 25.942.132 | 50.000.000 | 114.945 | 200.157.077 |
| 480 | Купување на опрема и машини | 300.000 | 0 | 400.000 | 0 | 0 | 700.000 |
| 482 | Други градежни објекти | 300.000 | 0 | 1.545.000 | 0 | 0 | 1.845.000 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 483 | Купување на мебел | 200.000 | 0 | 1.030.000 | 0 | 0 | 1.230.000 |
| 4 | ВКУПНО РАСХОДИ | 34.245.000 | 124.000.000 | 39.532.132 | 50.000.000 | 114.945 | 247.892.077 |

| 2. ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Конто | Опис на конто | Планиран износ Основен буџет (денари) | Планиран износ од Програма за рурален развој (денари) | Буџет од Фонд за еквити и мезанин инвестиции | Буџет од самофинансирачки активности | Вкупно приходи за 2018 г. (денари) |
| 741 | Трансфери од други нивоа на власт | 34.245.000 | 39.532.132 | | | 73.777.132 |
| 7411 | Тековни трансфери од други нивоа на власт | 34.245.000 | 39.532.132 | | | 73.777.132 |
| 741112 | Трансфери од Буџетот на РМ | 34.245.000 | 39.532.132 | | | 73.777.132 |
| 761 | Меѓународни развојни агенции | 124.000.000 | | | | 124.000.000 |
| 7611 | Задолжување кај меѓународни развојни агенции | 124.000.000 | | | | 124.000.000 |
| 761112 | Задолжување кај Светска банка | 124.000.000 | | | | 124.000.000 |
| 725 | Други неданочни | | | 50.000.000 | 114.945 | 50.114.945 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | приходи | | | | | |
| 7259 | Други неданочни приходи | | | 50.000.000 | 114.945 | 50.114.945 |
| 725939 | Останати неданочни приходи | | | 50.000.000 | 114.945 | 50.114.945 |
| 7 | ВКУПНО ПРИХОДИ | 158.245.000 | 39.532.132 | 50.000.000 | 114.945 | 247.892.077 |